Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-301/3
17.06.2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-301/1 од 19.3.2025 година поднесена од од Скопје, со адреса на , против судија во Џудо федерација на Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на пол и род во областа на спортот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

## **М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на , судија во Џудо федерација на Северна Македонија, врз врз основа на пол и род во областа на спортот.

### **О б р а з л о ж е н и е**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-301/1 од 19.3.2025 година, од страна на против судија во Џудо федерација на Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на пол во областа на спортот.

Според наводите од претставката, за време на Државното првенство за кадети одржано на година во Скопје, главниот судија на татамите вербално ја нападнал подносителката, понижувајќи ја пред сите присутни во салата. Тој се наоѓал на татамите за време на инцидентот и немал право да ѝ се обрати за време на борба, а посебно не да ја брка надвор од салата, бидејќи била присутна како официјален претставник на клубот. Таа се упатила кон судиската маса за да укаже да се превенира повреда кај џудистка од нејзиниот клуб поради намерно и пристрасно судење од негова страна и при обид да се повлече, без никаква провокација од нејзина страна, судијата со повишен тон ја нападнал вербално и барал таа да ја напушти салата, велејќи ѝ „Излегувај надвор! Тргни ми се веднаш и марш надвор! Да не те гледам во салава!". Подносителката смета дека ова претставува застрашување на понежен пол и е недолично од негова страна да се однесува така, особено кон официјален претставник на клубот. Сето ова се случувало пред сите присутни, вклучувајќи ја и нејзината малолетна ќерка, за што наведува дека постојат повеќе сведоци.

Во прилог на претставката беше доставен е-мејл испратен од нејзина страна до Џудо клуб во кој таа подетално го опишува целиот настан.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 27.3.2025 година испрати Известување бр. 08-301/2 за произнесување по наводите од претставката до на адресата на седиштето на Џудо федерација на Северна Македонија. Бидејќи обидот за достава на Известувањето беше неуспешен, Комисијата на ден 28.4.2025 година направи повторен обид за достава на Известувањето за произнесување, но тоа повторно беше вратено, со што доставата беше неуспешна.

По увид во наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди фактичката состојба и констатира дека не станува збор за повреда на право врз наведената дискриминаторска основа.

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што* ***се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".*

Во конкретниот случај, навредите кои наводно биле упатени кон подносителката од страна на судијата не се засновани на нејзиниот пол и/или род, со што изостанува потребниот елемент на постоење на дискриминаторска основа за да постои дискриминација. Зборовите цитирани во претставката, иако се навредливи, не содржат никаква конотација за нејзиниот пол и/или род и оттука не може да се смета дека се упатени токму заради тоа што таа е жена. Оттука, не постои каузалност помеѓу дискриминаторската основа и третманот кон подносителката.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
-